ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА ОПШТИНА БУТЕЛ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2022 07 05/2

Скопје, март 2023 година

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 16 |
| **Финансиски извештаи за 2021 и 2020 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 17 |
| Биланс на состојба | 18 |
| Преглед на промени на капиталот | 19 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 20 - 22 |
| Сметководствени политики | 22 - 24 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 25 - 32 |
| **Прилози** | |
| Прилог 1 – Забелешки кон Нацрт извештај | |
| Прилог 2 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај | |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 22-380/8
Датум: 30.03.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Бутел, сметка на основен буџет (637), за 2021 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2021 година и неповолно мислење за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија за 2010 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Бутел, сметка на основен буџет (637) во кој е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Бидејќи од последната ревизија е поминат долг временски период, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на тековната ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Бутел на основен буџет (637) за 2021 година, констатирани се следниве состојби:

- надминување на законски пропишаниот лимит од две години за континуиран ангажман на привремено вработени лица како и слабости во постапката за ангажирање на сезонските работници за извршување на јавните работи;
- непочитување на начелото на транспарентност и отчетност од страна на субјектите на кои им е доделена финансиска помош од општината;
- неправилности во делот на исплатата на расходите за гориво и надоместоци на членови на Советот на општината;

- извршено евидентирање на објекти за кои не е целосно утврден правниот статус поврзан со сопственоста;
- слабости во делот на почитување Законот за јавни набавки при набавките на стоки, работи и услуги.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот на останати прашања, обелоденуваме состојби кои се однесуваат на системски слабости, во постојните законски прописи, односно начинот на финансирање на активностите од областа на спортот од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите кои ги имаат општините во градот Скопје, донесување на посебна програма и нејзино финансирање од буџетот на општината.

Од страна на раководството на општина Бутел доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани при што забелешките се отфрлени и е констатирано дека не се прифатени поради недоставени докази кои би имале влијание на констатираните состојби.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 17 до 19 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Бутел сметка на основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2021 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа за 2022 година на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија за 2010 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Бутел, сметка на основен буџет (637) во кој е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на Општина Бутел застапуван од:

- Велимир Смилевски, градоначалник од 13.11.2017 до 05.11.2021 година и
- Дарко Костовски, градоначалник од 05.11.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија. и со прифатени извесни корекции.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.11.2022 до 20.01.2023 година кај Општина Бутел од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Општина Бутел за 2010 година, а од причини што од последната ревизија е поминат подолг временски период, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на тековната ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на општина Бутел, на ден 26.01.2023 година.

На ден 15.03.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на општина Бутел на сметка на основен буџет (630) и на сметка на основен буџет (637) број 22-380/1 и 22-380/2 од 15.02.2023 година од раководното лице Дарко Костовски, градоначалник, заведени во Државниот завод за ревизија под број 22-380/6 од 15.03.2023 година.
Забелешките се однесуваат на точките 4.2.1, 4.2.2, 4.3.1 и 4.3.3. Истите се разгледани од страна на овластениот државен ревизор при што забелешките не се прифатени поради недоставени докази кои би имале влијание на констатираните состојби.
Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај.

Констатирани се следниве состојби **:**

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. По спроведени постапки за јавни набавки и склучени договори во 2020 година и 2021 година со приватни агенции за вработување, во текот на 2021 година исплатени се средства во вкупен износ од 19.669 илјади денари за повеќе лица чиј

број варира од 28 до 67 привремено ангажирани лица[1]. Од овој број, 9 лица се ангажирани континуирано за период подолг од две години при што во текот на 2021 година исплатен е износ во висина од 1.694 иљјади денари, што не е во согласност со член 24 од Законот за приватните агенции за вработување, кој предвидува во кои случаи, агенцијата може да отстапи работник за вршење на привремени работи и да склучи договор, но не подолго од две години, со или без прекин.

Ваквиот начин на ангажирање на лица во општинската администрација, кој не е во согласност со законски пропишаната рамка укажува на намалена транспарентност при вработувањето, субјективност во изборот на лица и повластена положба во постапката на нивно ангажирање, како и непостојаност на кадарот кој треба да ги извршува редовните работни задачи во Општина Бутел.

Препорака:

Градоначалникот на Општина Бутел да преземе мерки и активности, привременото ангажирање на работници преку приватни агенции за вработувања да се врши само во случаите кои се предвидени со законските одредби, но не подолго од две години, со или без прекин.

4.1.2. Советот на Општина Бутел за вршење на работите на одржување на јавната чистота за 2021 година има спроведено Проект во кој предвидени се средства за невработени лица и по основ на склучени договори исплатени се средства во износ од 10.089 иљјади денари.

Согласно член 84 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност и согласно Проектот за работно ангажирање на невработени лица преку организирање јавни работи на територијата на Општина Бутел, објавен е Јавен повик[2] за работно ангажирање на 50 невработени лица преку организирање на јавни работи на територијата на Општина Бутел во траење од 12 месеци. Притоа по објавениот повик, Општина Бутел склучува договори со невработените лица за регулирање на меѓусебни права и обврски што произлегуваат од работно ангажирање на невработените лица вклучени во јавни работи.
Од доставената прилог документација, ревизијата утврди дека во:

- поголемиот дел од склучените договори за работно ангажирани лица не се потпишани од стана на невработените лица, што не е во согласност со член 13 од Законот за работните односи;
- во склучените договори не е предвидено работното време, што не е во согласност со член 28, став 1, алинеја 8 од Законот за работни односи;
- не е водена евиденција за работното ангажирање на невработените лица освен за месец јануари, што не е во согласност со член 116 од Законот за работни односи;

[1] Бројот на ангажирани лица во различни месеци во текот на 2021 година се разликува
[2] Јавен повик бр.09-11/2 од 05.01.2021 година

- со решенијата за престанок на договорот не е приложен доказ за основаноста на истите, односно дека лицата отсуствувале од работа како причина за прекинување на договорите, што не е во согласност со член 72 од Законот за работни односи.

Ваквиот начин на ангажирање на работници, создава сомнеж во врска со ангажираноста на овие лица што може да доведе до неоснована исплата на средства и оштетување на буџетот на општината.

Препорака:

Одговорните лица во општината да преземат мерки за потврдување на работниот ангажман и престанок на договорот како и да се воспостави евиденција на работното ангажирање на невработените лица.

4.1.3. Во текот на 2021 година извршен е трансфер до Спортски клубови и Здруженија на граѓани и фондации, реализирани и исплатени се средства во вкупен износ од 2.715 илјади денари, на спортски клубови и здруженија на граѓани и фондации за реализација на програмските и проектните активности во приоритетните области утврдени со годишните програми и акциските планови на Општина Бутел.

Во однос на постапките за доделување на средства за реализација на програмските активности на општината од области во нејзина надлежност ги утврдивме следниве состојби:

- Доделувањето на финансиски средства на физички и правни лица се врши врз основа на распишан јавен повик и поднесено барање, според Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиската поддршка на спортски клубови и здруженија и фондации усвоен во март 2021 година. Притоа не беше доставен доказ дека јавниот повик е објавен на веб страната на Општина Бутел што е предвидено со член 7 од овој Правилник, а на веб страната на општината не се објавени субјектите кои добиле средства од буџетот на општината, како и целите за кои ги добиле тие средства, што не е во согласност со член 49 став 4 од Законот за здруженија на граѓани и фондации.
- Констатиравме дека усвоениот правилник има слабости во делот на член 11 и 39 кој ја пропишува документацијата која учесниците во јавниот повик треба да ја достават до општината на разгледување, при што не е пропишана обврска заедно со документацијата да се достави и финансиски план за наменското трошење на одобрените средства;.
- Со увид во документацијата која ни беше презентирана утврдивме дека Општина Бутел не склучила договори со правните и физичките лица кои биле избрани на јавниот повик за финансиска поддршка, иако ваква обврска постои согласно членовите 25, 26, 53 и 54 од Правилникот;

- Субјектите кои добиле средства од буџетот на општината не постапиле согласно на член 27 односно член 55 од Правилникот и во прилог кон доставените наративни финансиски извештаи не доставиле соодветна документација како потврда за наменското и законското трошење на доделените средства согласно на доставениот предлог проект. Од друга страна општината не постапила во согласност со членовите 30 и 57 од Правилникот и не извршила контрола на наменското и законското трошење на средствата.

Финансирањето на активностите од областите за кои е надлежна општината и без регулирање на правата и обврските и без воспоставената контрола на наменското и законското трошење на доделените средства не обезбедува подеднакви услови за сите заинтересирани страни и  потврдување влијае рационалното користење на исплатените буџетски средства.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности:

- општината на својата веб страната да ги објави јавните повици како и субјектите кои добиле средства од буџетот на општината;
- да се преземат мерки и активности за склучување на договори за финансирање на правните лица избрани на јавниот повик;
- одговорните лица во општината да воспостават контрола на наменското и законското трошење на буџетските средства на корисниците на средства од програмите, преку обезбедување на соодветна поткрепувачка документација како доказ за настанатата финансиска промена и намената за која се искористени.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. На позицијата материјални средства евидентирани се градежни објекти со вкупна ревалоризирана набавна вредност од 710.393 илјади денари (сегашна вредност 581.073 илјади денари). Поголемиот број на градежни објекти се евидентирани врз основа на Одлука на Влада[3] од 2005 година и спроведен делбен биланс меѓу Општина Чаир и Општина Бутел.

Со извршениот увид во деловните книги и доставената документација за евидентирање на материјалните средства, ги утврдивме следните состојби:

[3] Одлука за пренесување на основачките права и обврски над постојните основни училишта, на општините и на општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објекти (Службен весник на Република Македонија бр.51 од 30.06.2005 година);

- во сметководствената евиденција евидентирани се 3 градежни објекти без поткрепувачка документација за утврден правен статус на објектите (имотен лист) сегашна вредност 6.825 илјади денари. За дел од објектите во тек се постапки за разрешување на имотно правните односи со сопствениците (размена на градежно земјиште и промена на сопственик, физичка делба и сл.) и запишување на правата на сопственост;
- за 2 градежни објекти евидентирани со вкупна ревалоризирана набавна вредност од 10.821 илјади денари (сегашна вредност 9.739 илјади денари), обезбеден е имотен лист во кој недвижностите се запишани во сопственост на Република Македонија, но не е запишано право на користење на општината. За еден од објектите изработен е геодетски елаборат и донесено е Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект[4] кој претставува правен основ за запишување на правото на сопственост на објектот во катастарот на недвижностите;
- евидентирано е неизградено градежно земјиште со ревалоризирана набавна вредност од 636 илјади денари за кое не е презентирана поткрепувачка документација за утврден правен статус (имотен лист). За земјиштето под објектот (општинска зграда), не е запишано правото на користење на Општина Бутел поради што не се преземени активности за определување на вредноста и негово сметководствено евидентирање;
- девет основни средства во вкупна вредност од 235 илјади денари се евидентирани како материјали на залиха со што е вредноста на основните средства не е реално искажана.

Наведеното не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, според кој внесувањето на податоците во деловните книги се заснова на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, како и член 141 и член 142 од Законот за катастар на недвижности според кој, запишувањето на правото на сопственост и другите стварни права на недвижности во катастарот е задолжително.

Евидентираните објекти за кои не постои веродостоен документ, нерасчистени имотно правни односи, како и неизвршеното излагање на објектите и упис во катастар на недвижности, имаат за ефект нереално и необјективно прикажување на материјалните средства во Билансот на состојба.

### Препорака

Градоначалникот на Општина Бутел да ги задолжи надлежните лица во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности да преземат активности за расчистување на имотно правните односи и обезбедување на веродостојни документи за градежните објекти.

4.2.2. Со увид во документацијата за извршениот Попис на средствата и обврските

[4] Решение бр.2201-7585 од 26.12.2018 година;

со состојба на ден 31 декември 2021 година на Општина Бутел констатирани се следниве состојби:

- од страна на Комисијата за попис, извршен е попис на средствата и обврските со состојба на 31 декември 2021 година и подготвен е извештај, но истиот во врска со постојаните средства не содржи вредносни податоци од извршеното усогласување на состојбата по попис и сметководствена состојба. Притоа, физичкиот попис на опремата, долгорочните нематеријални средства и други материјални средства е спроведен на поединечни пописни листи (од 1-51), врз основа на кои изготвена е пописна листа со вредносни податоци по попис и сметководствена состојба по основно средство, но без вкупна вредност за состојбата на наведените позиции. За останатите постојани средства (земјиште, градежни објекти, мини детски и спортски игралишта) пописните листи содржат збирни податоци по попис и сметководство со што е извршено усогласување на состојбите;
- не е извршен попис на изготвени проекти за реконструкција на улици на територијата на Општина Бутел евидентирани на позицијата издатоци во истражувања и развој во вкупен износ од 1.374 илјади денари;
- од страна на пописната комисија не е наведено дека голем број на артикли се евидентирани како материјали на залиха иако станува збор за ситен инвентар. Поради наведеното општината во своите финансиски извештаи нема искажано податок за вредноста на ситниот инвентар кој го поседува.

Наведените состојби не се во согласност со член 29, член 31, член 31-а и член 33 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и имаат влијание на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември 2021 година и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

Препорака

Градоначалникот да преземе активности за назначени за вршење попис во Општина Бутел да преземат активности за целосно спроведување на пописот на средствата и обврските на начин кој ќе овозможи усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

## 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Општина Бутел за 2021 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени 11 постапки за јавни набавки спроведени во 2021 година, 6 постапки спроведени во 2020 година и 1 постапка спроведена во 2019 година чија реализација е во 2021 или вкупно 18 постапки за јавни набавки. Вкупно реализираната вредност на ревидираните постапки за јавни набавки изнесува 88.775 илјади денари, додека за истиот период согласно добиената документација од страна на општината реализираната вредност на вкупно спроведените постапки за јавни набавки изнесува 99.243 илјади денари.

Од увидот на приложената документација за спроведените постапки и нивната реализација ги утврдивме следните состојби:

4.3.1. Кај постапките за јавни набавки на изградба на јавно осветлување, крпење дупки на улици како и изградба на детски игралишта и набавка на урбана опрема во вкупен износ од 23.240 илјади денари, во делот на техничката спецификација и премер пресметката, не се утврдени количините за одделните позиции, активности кои треба да се реализираат, што не е во согласност со член 39 став 7 од Законот за јавни набавки. Законот предвидува, проценетата вредност на договорот за јавна набавка на работи да се одредува така што се земаат трошоците за изведување на позициите, активности и вкупната проценета вредност на сите стоки и услуги кои се неопходни за извршување на договорот и кои му се ставени на располагање на изведувачот од страна на договорниот орган. Идентична е и состојбата која е констатирана во врска со реализацијата на набавка за одржување на јавно осветлување во износ од 14.160 илјади денари. Со увид во тендерската документација кај овие постапки за јавни набавки утврдивме дека:

- се дефинирани голем број на стоки кои се предмет на набавката за кои се бара да се достави само единечна цена при што предмет на негативно наддавање е вкупната цена на сите барани стоки без да се дефинира потребната количина на секоја позиција поединечно;
- понудените цени од страна на сите економски оператори кои учествувале во постапката како и реализацијата на склучените договори со избраните економски оператори на стоките кои се набавени и цените кои се фактурирани се високи, а стоките кои не биле набавени се со исклучително ниски цени. Констатиравме значителни разлики во цената на стоката со слични спецификации во понудата на економскиот оператор со кој е склучен договор (кабли со димензии 15мм и 32мм, натриумови сијалици со јачина од 70W и 150W

со разлика во цена до 65 пати повисок износ) при што стоките со нереално ниски цени не се нарачани и фактурирани, меѓутоа претходно учествувале како ставка при негативното наддавање.

- кај економските оператори кои дале понуда а не се избрани утврдивме дека висината на цените на стоките е за 3-4 пати пониска во однос на понудата на економскиот оператор кој ја добил набавката, меѓутоа поради тоа што негативното наддавање е на вкупната цена на сите барани стоки и покрај што понудиле реални цени за стоките не обезбедиле договорот за јавна набавка.

Наведените слабости во начинот на постапување при спроведување и реализација на овие постапки за јавна набавка на работи и услуги, упатува на несоодветна примената на Законот за јавни набавки, создавање на услови за неконкурентност помеѓу економските оператори, поради што не е остварена економичност во користење на јавните средства спротивно на член 3 став 1 и член 4 од Законот за јавни набавки.

Препорака:
Одговорните лица во општината кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки да ги почитуваат законски пропишаните рокови и да спроведуваат соодветни постапки за набавка на добра, услуги или работи, на начин на кој ќе се обезбеди конкуренција помеѓу економските оператори и рационално користење на буџетските средства.

4.3.2.Кај спроведената набавка на услуга на услуга за зимско одржување на локални улици и патишта по основ на која е склучен договор во висина од 8.260 илјади денари со избраниот единствен учесник во постапката ги утврдивме следните слабости:

- во тендерската документација предвидена е исплата на паушален надоместок во висина од вкупно 420 илјади денари за ангажман на два камиони независно од временските услови. Согласно склучениот договор предвидена е можност доколку овие возила не се ангажирани на работи поврзани со чистење на снег или се ангажирани помалку од 30 часа месечно да се ангажираат за други потреби на општината. Паушална исплата на надоместоци за возила без реален ангажман е целосно неоправдана поради што оваа ставка не е вметната во постапката за јавна набавка за чистење на улици за зимската сезона 2021/22 година;
- согласно тендерската документација и член 6 од склучениот договор со избраниот економски оператор предвидена е обврска економскиот оператор да интервенира во рок од 24 часови по добиен налог за интервенција, додека со увид во склучени договори со ист предмет на набавка со друг субјект од подрачјето на Град Скопје утврдивме дека договореното време на интервенција е многу пократко и изнесува 3 часа. Со договорот кој општина Бутел го има склучено, не е предвидена обврска економскиот оператор да го

ангажира целокупниот капацитет на возила за кој во постапката за јавна набавка договорниот орган барал доказ дека економскиот оператор ја има во сопственост, што не е во согласност со член 95 став 8 од Законот за јавни набавки. Поради ова не е утврдено колкав дел од оваа опрема е реално расположива за брза интервенција во случај на неповолни временски услови имајќи предвид дека избраниот економски оператор истовремено има склучено вакви договори и со други општини од градот Скопје.

Наведените слабости и начин на постапување при реализација на услугата за зимско одржување на локални улици и патишта по основ на склучен договор не упатуваат на можност од вршење на непотребни паушални исплати како и ненавремено санирање на последиците од неповолните временски услови и реализирањето на предметот на договорот во соодветен временски рок.

### Препорака

Градоначалникот да преземе мерки и активности во наредните постапки за јавни набавки на услуга на услуга за зимско одржување на локални улици и патишта за овој предмет на набавка за општината да:

- изврши намалување на рокот за интервенција по дадениот налог во интервал кој ќе обезбеди санирање на последиците од неповолните временски услови во разумен рок и
- со склучениот договор да создаде обврска кон избраниот економски оператор за ангажман на целокупниот капацитет на возила кој бил предмет на набавката.

4.3.3. Од страна на општина Бутел во текот на 2019 и 2020 година склучени се два договори за реконструкција на локален пат кон село Љуботен во вкупна висина од 23.716 илјади денари по спроведени две постапки за јавни набавки. Согласно условите од тендерската документација и склучените договори избраните економски оператори за реализација на овие градежни работи имале должност да достават банкарска гаранција во висина од 15% од вкупната вредност на договорот. Со увид во документацијата утврдивме дека економските оператори имаат доставено банкарски гаранции со важност заклучно со 31.10.2020 односно 19.02.2020 година. Со оглед на тоа што работите на реконструкцијата се пролонгирани за значителен временски период и истите се завршени кон крајот на 2021 година, двата економски оператори не постапиле во согласност со условите од тендерската документација, член 16 и член 17 од склучените договори како и член 48 од Законот за јавни набавки и не доставиле банкарска гаранција за целиот период до целосна реализација на склучените договори.

Поради наведеното овие економски оператори оствариле повластена позиција при реализацијата на предметот на договорот во однос на условите кои биле дефинирани во спроведената постапка за јавни набавки што влијае на

конкуренцијата при изборот на понудите.

Препорака

Одговорните лица во општина Бутел во постапките за јавни набавки каде се побарани банкарски гаранции, да обезбедат гаранции за целокупниот период до конечна реализација на предметот на набавка.

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.1, 4.2 и 4.3 се однесуваат на:

- непочитување на законски пропишаната рамка за ангажирање на привремено вработени лица во општинската администрација;
- слабости во постапката за ангажирање на сезонски работници за извршување на јавните работи;
- непочитување на начелото на транспарентност и отчетност од страна на субјектите на кои им е доделена финансиска помош од општината;
- поедини слабости во делот на документирањето на реализираниот попис на средствата и обврските;
- неправилности во делот на исплатата на расходите за гориво и надоместоци на членови на Советот на општината;
- извршено евидентирање на објекти за кои не е целосно утврден правниот статус поврзан со сопственоста;
- слабости во делот на почитување Законот за јавни набавки при набавките на стоки, работи и услуги.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2.1 финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Бутел сметка на основен буџет (637), на ден 31 декември 2021 година како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1 и 4.3 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Бутел, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во текот на ревизијата од страна на Општина Бутел се прифатени и спроведени корекции дадени од Државниот завод за ревизија, кои предизвикаа промени во активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба кои се однесуваат на извршено усогласување на состојбата на позициите Државен јавен капитал и Пасивни временски разграничувања во висина од 1.373 илјади денари при што извршено е зголемување на позицијата Државен јавен капитал и намалување на позицијата Пасивни временски разграничувања за горенаведениот износ. Корекцијата е спроведена со налог за книжење бр.0009 од 31.12.2022 година која е прикажана и во Образложенијата кон финансиските извештаи.

## 7. Останати прашања

Државниот завод за ревизија во своите годишни извештаи во повеќе наврати ги обелоденуваше системските слабости кој имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локалната самоуправа и е потребно да се изврши измена и дополнување на следните законски решенија во функција на надминување на наведените слабости.

### Законски одредби за финансирање на активности од областа на спортот

7.1. Финансирањето на активностите од областа на спорт и рекреација е предвидено во листата на надлежности на општините, согласно член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа, меѓутоа не и во надлежности на општините во градот Скопје, во кои спаѓа и Општина Бутел, дефинирани во член 15 од Законот за град Скопје, според кој во работи од јавен интерес не е вклучен спортот, како надлежност на општините во градот Скопје, односно согласно член 10 став 1 од истиот закон, оваа надлежност е дадена на градот Скопје.
Од друга страна, во член 22 - а од Законот за спортот, се утврдени надлежностите на општините, општините во град Скопје и град Скопје, во областа на спортот, меѓу кои се: развој на масовниот спорт и рекреативни активности на граѓаните, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, поддршка и унапредување на спортот, спортски клубови и професионални спортски клубови и поддржување на општинските сојузи и Сојузот на спортови на Град Скопје, а за нивно остварување, советите на општините и Советот на Град Скопје или комисијата на општината, општината во Град Скопје и

Град Скопје надлежна за спортот, донесуваат програми на предлог на општинските спортски сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје. Исто така, според овој член, програмите се финансираат од буџетот на општините и буџетот на Град Скопје, донации и спонзорства, а за исполнување на програмите и роковите утврдени во нив, до советите на општините и Советот на Град Скопје, сојузите на спортови на општините и Сојузот на спортови на Град Скопје, поднесуваат извештај.

Согласно наведеното, ревизијата е на мислење дека е потребно усогласување на законските прописи од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите во областа на спортот, за општините во Град Скопје, начинот и условите на донесување на посебна програма во рамките на општината, донесена од советот и финансирање на ваквите активности од средствата одобрени со буџетот на општината.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3,1 | 186.332 | 187.104 |
| **Вкупно приходи** | | 186.332 | 187.104 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 37.969 | 35.004 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2 | 216 | 333 |
| Стоки и услуги | 3.2.3 | 74.062 | 79.023 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4 | 7.699 | 5.634 |
| Социјални бенифиции | 3.2.5 | 1.424 | 437 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 121.370 | 120.431 |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3 | 50.331 | 52.042 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 50.331 | 52.042 |
| **Отплата на главнина** | 3.4 | 14.631 | 14.631 |
| **Вкупно расходи** | | 186.332 | 187.104 |
| **Непокриени расходи** | | 0 | 0 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.12.2021

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Хартии од вредност | 4.1.1 | 56 | 82 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2 | 40 | 40 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3 | 7 | 0 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.4 | 0 | 9 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5 | 59.072 | 42.936 |
| Залихи | 4.1.6 | 1.068 | 2.103 |
| **Вкупно тековни средства** | | **60.243** | **45.170** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1 | 1.747 | 3.834 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2 | 2.052 | 1.795 |
| Материјални средства | 4.2.3 | 620.602 | 474.861 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.4 | 3.847 | 60.042 |
| **Вкупно постојани средства** | | **628.248** | **540.532** |
| **Вкупна актива** | | **688.491** | **585.702** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1 | 43.667 | 13.375 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.4.2 | 2.520 | 16.333 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.3 | 2.824 | 3.469 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.4 | 2.746 | 2.443 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.5 | 3.950 | 63.634 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **55.707** | **99.254** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2021 година** | **477.030** | **2.103** | **479.133** |
| **Зголемување по основ на:** | **162.163** | **2.157** | **164.320** |
| Набавки | 85.984 | 2.157 | 88.141 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 74.806 | | 74.806 |
| Корекција по ревизија | 1.373 | | 1.373 |
| **Намалување по основ на:** | **14.793** | **3.191** | **17.984** |
| Отпис | | 3.191 | 3.191 |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 14.793 | | 14.793 |
| **Состојба 31.12.2021 година** | **624.400** | **1.069** | **625.469** |

# Општина Бутел

До
Државен завод за ревизија
Ул. Павел Шатев бр.2
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: 15.03.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 22-380/6 | | |

Бр. 09-307/4


Скопје, 14.03. 2023 год.
Ул Бутелска бр.4, 1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. : +389 2 2600-506
Фах. : +389 2 2600-306
www.opstinabutel.gov.mk


Предмет: Доставување забелешки на Нацрт извештај

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт извештај од Државниот завод за ревизија по однос на извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 год на општина Бутел со бр. 22-380/2 од 15.02.2023 год., Ве известуваме дека го разгледавме нацрт извештајот и доставуваме одредени забелешки по констатирани наоди на следните сметки:

- Сметка на основен буџет 630
- Сметка на основен буџет 637

Доставените забелешки се подготвени од раководителите на секторите кои се предмет на констатирани наоди.

Изработил:
Сузана Мартиновска
Раководител на Сектор за внатрешна ревизија

Градоначалник
Дарко Костовски

